Национална агенција
за европски образовни програми
и мобилност

GRUNDTVIG

# ГРУНДВИГ

CREATIVITY CONFIDENCE PRACTICE
TRAVELING FRIENDSHIP ACTIVITY
MOBILTY SKILLS CULTURE QUALITY
EXPIRIENCE EXCHANGE PERSPECTIVE

Education and Culture DG
Lifelong Learning Programme

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

377.4(497.7)

ГРУНДВИГ. - Скопје: Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, 2009. - 20 стр. : илустр. ; 21 cm

ISBN 978-9989-2920-6-4

а) Континуирано образование - Македонија

COBISS.MK-ID 9187210

# ПРЕДГОВОР



Во оваа прилика ми претставува особена чест што можам да го истакнам своето огромно задоволство од доследното имплементирање на програмата „Доживотно Учење" (Lifelong Learning Programme) во Република Македонија, во текот на 2010 година. Со отворањето на оваа Програма, македонските граѓани и институции, активни во полето на образование и обука, добија можност да иницираат проекти кои ќе ја зголемат соработката и размената на искуства со своите колеги од Европа.

Секторската програма "Грундвиг" е составен дел на програмата "Доживотно учење", која овозможува поголема мобилност на индивидуалците и институциите кои се вклучени во образованието за возрасни, на формално, на неформално или на информално ниво.

Имено, промените на пазарот на трудот, глобалната економија, немилосрдната конкуренција, понудата и побарувачката којашто ја диктира пазарот и новите трендови и информатичката технологија, доведуваат до социјално исклучување на одредени групи од главните образовни текови и можности. Правото на учење е едно од темелните човекови права и не е генерациска привилегија и монопол само на младите. Возрасните лица и сите оние кои предвремено го напуштиле своето образование, се поставени пред нови образовни предизвици, прифаќајќи го индивидуалното и институционалното унапредување како своја континуирана обврска.

Секторската програма "Грундвиг" им овозможува на возрасните лица стекнување со вештини кои не се од доминантно стручен карактер. Главната цел на "Грундвиг" е поттикнување на размената и на соработката помеѓу Република Македонија и Европа на вклучените институции и индивудуалци во областа на образованието за возрасни. Во текот на оваа година ќе се реализираат проекти кои промовираат мобилност на индивидуалци вклучени во образованието на возрасни: Обука на работно место, Посети и размени и Подготвителни посети и Партнерства за учење.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност како надлежна институција за децентрализирано спроведување на програмата „Доживотно учење" во Република Македонија, го организира процесот на селекција на пријавените предлог-проекти, исплаќа средства и врши набљудување на спроведувањето и на известувањето по проектите. Главни приоритети на "Грундвиг" во Република Македонија оваа година ќе бидат: советување и стручна поддршка на корисниците.

Во име на Одделението за образование на возрасни кое е одговорно за спроведување на "Грундвиг" Ви посакуваме многу успешни проекти во текот на 2010 година.

Со почит,
Бошко Нелкоски
Директор

# ЗА ПРОГРАМАТА
## „ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ“

**Програмата “Доживотно учење“** има за цел да придонесе кон развојот на ЕУ како напредно општество базирано на знаење, со одржлив економски развој, поголем број и подобри работни места и поголема социјална кохезија.
Притоа, целта е да се поттикне меѓусебната размена, соработка и мобилност помеѓу институциите и системите за образование и обука во ЕУ, така што тие ќе можат да станат референца за светски квалитет. На овој начин, се работи на модернизирање и прилагодување на системите за образование и обука во земјите-учеснички и се дава европска додадена вредност, директно на граѓаните кои земаат учество во мобилноста и другите акции за соработка.

### ПРОГРАМА “ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ”

| КОМЕНИУС | ЕРАЗМУС | ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ | ГРУНДВИГ |
|---|---|---|---|
| Генерално образование | Високо образование | Стручно образование и обука | Образование за возрасни |

### ТРАНСФЕРЗАЛНИ ПРОГРАМИ

Корисници можат да бидат организации, институции и поединци вклучени во процесот на образованието, формално, неформално или информално од:

- Земји-членки на ЕУ: Австрија, Белгија, Бугарија, Кипар, Чешка, Данска, Естонија, Финска, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Латвија, Литванија, Луксембург, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Словачка, Словенија, Шпанија, Шведска и Велика Британија;
- Земји во European Free Trade Association (EFTA-EEA): Исланд, Лихтенштајн, Норвешка;
- Земји кои се со кандидатски статус за членство во ЕУ: Турција;
- Прекуокеански земји и територии.

Програмата ќе се спроведува во периодот од 2007-2013 година, со вкупен буџет од 6.970 милиони ЕУР (за сите земји, за период од 7 години).

# ЗА ПОДПРОГРАМА
## “ГРУНДВИГ”

Потпрограмата Грундвиг е насочена кон образованието за возрасни ширум Европа. Настанува како резултат на согледувањата дека возрасните, па дури и младите кои го напуштиле предвремено училиштето, многу тешко се вклучуваат во образовни иницијативи во текот на својот живот. Динамиката на пазарот на трудот, во современи услови, сепак, наметнува потреба од образовани, упатени и компетентни кадри.
Грундвиг посветува особено внимание на лицата со специфични образовни потреби, помага во развивање иновативни пристапи, материјали и извори и овозможува институционално јакнење на институциите во образованието на возрасни.
Се однесува на наставата и потребите за учење што се поврзани со сите форми на учење на возрасните лица кои не се претежно од стручен карактер, како и на институциите и организациите кои обезбедуваат или овозможуваат каква било форма на можности за учење на возрасни од формален, неформален или информален карактер.
Потпрограмата Грундвиг обработува теми од областа на генералното образование за возрасни. Во согласност со актуелните случувања, потребите за учење, демографските трендови и социо-економските услови во Европа, потпрограмата своето поле на делување го насочува кон:

•Подобрување на позицијата на пазарот на трудот (нови квалификации за нови работни места и нови квалификации за старите работни места)
•Квалитетно исполнување на слободното време и активно стареење.

**Николај Фредерик Грундвиг**

(1783-1872) е дански свештеник и писател, основач на нордиската традиција на Доживотно учење. Неговиот концепт за народно средно училиште се заснова на идејата дека образованието треба да биде достапно до сите граѓани низ целиот живот и треба да ги вклучува не само знаењето, туку и граѓанската одговорност, личниот и културниот напредок.



# ЦЕЛИ

- Да се подобри квалитетот и пристапноста до мобилноста ширум Европа на луѓето кои се вклучени во образованието за возрасни, да се поддржи мобилноста на најмалку 7.000 поединци за една година до 2013 година;
- Да се подобри квалитетот и да се зголеми обемот на соработка помеѓу организациите што се вклучени во образованието за возрасни лица ширум Европа;
- Да им се помогне на лицата од ранливите социјални групи, а особено на постарите лица и на оние кои го имаат напуштено образованието без стекнати основни квалификации, преку овозможување алтернативни можности за пристап до образованието за возрасни;
- Да се овозможи развој на иновативни практики во образованието за возрасни и нивен трансфер од една земја-учесничка во друга;
- Да се поддржи развојот на иновативна ИКТ-базирана содржина, услуги, педагогии и пракса за "Доживотно учење";
- Да се подобрат педагошките пристапи и менаџментот на организациите за образование на возрасни лица.

# КОЈ МОЖЕ ДА УЧЕСТВУВА?

- Возрасни ученици;
- Институции и организации кои им обезбедуваат можности за учење на возрасни лица, независно дали формални и неформални (во семејството/заедницата) или неформални (во рамките на Доживотното учење);
- Наставници и друг кадар во тие институции и организации;
- Установи вклучени во примарната и понатамошната обука на образовен кадар за возрасни лица;
- Асоцијации и нивни претставници кои се вклучени во образованието за возрасни, вклучително и асоцијации на ученици и наставници;
- Тела кои обезбедуваат водство, советување и услуги за информирање, а кои се однесуваат на аспекти од образованието за возрасни лица;
- Лица и тела одговорни за системи и политики кои се однесуваат на некој аспект од образованието за возрасни, на локално, на регионално и на национално ниво;
- Истражувачки центри и тела кои се занимаваат со прашања поврзани со образованието за возрасни;
- Претпријатија;
- Непрофитни организации, волонтерски тела, невладини организации;
- Високообразовни институции кои се занимаваат со образование за возрасни лица.

# КОИ СЕ ГРУНДВИГ АКЦИИ?

**Децентрализирани акции**

- Подготвителни посети
- Посети и размени за образовен кадар за возрасни
- Позиции за асистент
- Обука на работно место
- Работилници
- Партнерства за учење
- Проекти за возрасни волонтери

**Надлежност:**

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
www.na.org.mk

**Централизирани акции**

- Мултилатерални проекти
- Мултилатерални мрежи
- Придружни мерки

**Надлежност:**

Извршна агенција за образование, аудиовизуелни политики и култура
http://eacea.ec.europa.eu/index.htm



## "ГРУНДВИГ" ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2010 ГОДИНА

Во 2010 година, потпрограмата "Грундвиг" ќе понуди:

- Индивидуални мобилности: Обука на работно место, Посети и размени и Подготвителни посети;
- Проекти: Партнерства за учење НОВО!!!

Сите активности треба да имаат исклучително нагласена европска димензија.

# ИНДИВИДУАЛНИ МОБИЛНОСТИ

## ОБУКА НА РАБОТНО МЕСТО

Акцијата Обука на работно место им овозможува на наставниците и на едукаторите во образованието за возрасни да посетат структуриран курс во друга земја-учесничка на Европската унија. Обуката на работно место мора да биде поврзана со професионалните активности на учесниците во областа на образованието за возрасни: формално, неформално и информално.

**Оваа акција ги покрива следниве области:**
•Содржина и методика во наставата во образованието за возрасни;
•Пристап до образовните можности за возрасните, особено маргинализираните социјални групи;
•Управување со образованието за возрасни на локално и на национално ниво, администрација, обезбедување квалитет, развивање активности во заедниците итн.
•Различни аспекти на стратегиите и политиките во образованието за возрасни, вклучително модели на финансирање, соработка со сродни институции, дефинирање на стандарди итн.

**Времетраењето на курсот е 5 работни дена до 6 недели.**

# КАКО ДО СООДВЕТНА ОБУКА НА РАБОТНО МЕСТО?

База на потенцијални курсеви е дадена на следнава веб страна:

**https://webgate.ec.europa.eu/llp/istcoursedatabase**

Предложената листа не е од ексклузивен карактер. Сите други курсеви се подобни за финансирање кои ги задоволуваат наведените критериуми. Поподробни информации за соодветниот курс се наведуваат во рамките на формуларот за предлог-проекти.

## ЗА АКЦИЈАТА ПОСЕТИ И РАЗМЕНИ

Целта на оваа акција е подигнување на квалитетот на образованието и учењето на возрасните во најширока смисла: формално, неформално и информално учење.
Преку Посети и размени, вклучените во образованието за возрасни можат да посетат активност која е поврзана со нивната работа во друга земја-учесник во програмата "Доживотно учење".

Целта на Посетите и размените може да биде:

- Настава во друга организација во образованието за возрасни;
- Изучување на аспекти на образованието за возрасни (содржина и квалитет на наставата, методи за пристап во образованието, администрација и лидерство во организациите, изучување на политиките);
- Job-shadowing (набљудување на сродно работно место и работните задачи во друга земја);
- Посета на конференција или семинар во областа.

**Времетраењето на активноста може да биде од 1 ден до 12 недели.**

# КОЈ МОЖЕ ДА УЧЕСТВУВА ВО АКЦИИТЕ ОБУКА НА РАБОТНО МЕСТО И ПОСЕТИ И РАЗМЕНИ?

- Наставници/едукатори за возрасни и нивни обучувачи;
- Раководни и административни структури во институции, директно или индиректно вклучени во образованието за возрасни;
- Лица вклучени во меѓукултурното образование за возрасни или во работа со етничките заедници, мигранти;
- Лица вклучени во работа со возрасни со посебни потреби;
- Лица вклучени (на пример, социјални работници) кои работат со ризични групи;
- Лица вклучени во професионално советување и управување со кариерата;
- Лица вработени во телата на локалната самоуправа кои се занимаваат со прашањата поврзани со образованието за возрасни;
- Лица кои спроведуваат Обука на работно место на наставниците/едукаторите за возрасни;

• Лица со стекнати квалификации за работа во областа на образованието за возрасни кои сакаат да започнат или да ја продолжат кариерата во областа;
• Лица кои се „филтрираат“ во образованието за возрасни со оглед на специфичната состојба на пазарот на трудот (лица кои не работеле заради семејни обврски, пензионери итн);
• Студенти кои завршиле најмалку две години од студиите по андрагогија или се на последипломски студии во оваа област.

Кандидатите кои се пријавуваат за посетување „чисти јазични курсеви“ (т.н. pure language courses) можат да бидат:

• Наставници/едукатори кои одат на Обука на работно место на помалку познати и помалку распространети јазици;
• Наставници/едукатори кои подучуваат предмет на странски јазик;
• Кандидати кои се во постапка на преквалификација за наставник по странски јазик;
• Кандидати кои учествуваат во Грундвиг партнерства и јазичниот курс им е потребен за таа цел.

Апликантите мора да поседуваат државјанство на Република Македонија или на некоја друга држава, под услов да имаат привремено или постојано престојувалиште во Република Македонија или да имаат статус на лице без државјанство, односно статус на бегалец.
Формуларите за предлог-проекти се поднесуваат преку соодветната институција. Институциите/наставаните мораат да потекнуваат или се случуваат во некоја од земјите-учеснички во програмата "Доживотно учење".

## ФИНАНСИРАЊЕ

Финансиската поддршка опфаќа:
• Трошоци за живеење (т.н. subsistence costs);
• Патни трошоци;
• Останати трошоци (котизација за курсот, јазични, културни и педагошки подготовки).

**Трошоци за живеење** (т.н. subsistence costs) опфаќаат трошоци за: храна, сместување, локален превоз, факс, комуникации, осигурување...). Надоместокот за трошоци за дневен надомест се дефинира според бројот на денови на престој во земјата во која патувате. Табелата со трошоци за дневен надомест по земји е дадена во рамките на Повикот за предлог проекти за програмата „Доживотно учење“, како и во формуларот за предлог проекти за акцијата Обука на работно место и Посети и размени.

**Патните трошоци** опфаќаат трошоци настанати како резултат на патување од Република Македонија до местото на одржување на соодветниот настан и назад, вклучително и трошоци за издавање виза. Корисниците се должни да користат најекономични форми на транспорт, во најчест случај јавен транспорт.

**Останати трошоци:** трошоци за котизација за курсот, јазични, културни и педагошки подготовки.

Просечен грант за акцијата Обука на работно место изнесува 1800 евра.
Просечен грант за акцијата Посети и размени изнесува 1000 евра.

## КРАЈНИ РОКОВИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

| Акција | Рок за пријавување | Рок на завршување |
|---|---|---|
| Обука на работно место | 15. јануари 2010 (курсеви кои започнуваат од 01 мај 2010 година) | Сите активности треба да започнат најдоцна до 30 април 2011 година |
| | 30. април 2010 (курсеви кои започнуваат од 01 септември 2010 година) | |
| | 15 септември 2010 (курсеви кои започнуваат од 01 јануари 2011 година) | |
| Посети и размени | Отворен во текот на целата година, најдоцна до 17 декември 2010 година. Апликациите треба да се поднесат минимум 6 недели пред соодветниот настан | |

# КАКО СЕ АПЛИЦИРА?

1. Изберете го соодветниот курс/настан кој сакате да го посетите. Можете да ја користите предложената база, или да предложите друг релевантен настан

2.Контактирајте со организаторот и направете пред-регистрација за курсот/конференцијата/семинарот. Подносителите на пријави за учество во т.н. Набљудување на работно место/Посети и размени се должни да поднесат и Писмо на прифаќање (acceptance letter) со кое се потврдува дека институцијата-домаќин се согласува со намерите кои се наведени во формуларот за предлог-проекти

3.Пополнете го целосно, јасно и точно соодветниот формулар за предлог-проект на англиски јазик

4.Подгответе Ваше ЦВ во европски формат

5.Приложете доказ за правен статус на институцијата од која аплицирате

Документите се поднесуваат исклучиво по пошта на следнава адреса:

**Национална агенција за европски образовни програми и мобилност**

**"Порта Буњаковец" А2-1**
**1000, Скопје**
**Република Македонија**

**Со назнака: „За Грундвиг Обука на работно место или Посети и размени"**

ВНИМАВАЈТЕ!!!

Пријавата треба да биде поднесена во рамките на предвидениот рок за соодветната акција. Во предвид ќе бидат земени пријави кои имаат поштенски жиг најмногу до последниот ден од рокот за пријавување. Апликантите се поканувaат своите пријави да ги поднесуваат пред наведените крајни рокови.

## ЗА АКЦИЈАТА ПОДГОТВИТЕЛНИ ПОСЕТИ

Подготвителните посети им овозможуваат на потенцијалните партнери да стапат во контакт и да подготват проект за учество во Грундвиг акциите: Партнерство за учење, Проект за возрасни волонтери, Проект за мултилатерална соработка, Мрежа или Придружни мерки[1].
Подготвителната посета овозможува:

- Дефинирање на нацрт за иден проект
- Дефинирање улоги на партнерските институции во идниот проект
- Развивање деловен план за иден проект, вклучувајќи методи за надзор, проценка и распределба
- Директна работа на апликацијата за проектот.

## ВИДОВИ ПОДГОТВИТЕЛНИ ПОСЕТИ

• **Посета кај партнерите** - Веќе имате партнер од земја членка на ЕУ, со кој сакате да креирате заеднички проект. Оваа акција овозможува директна посета на партнерската институција и заедничка работа околу апликацијата за иден проект.

• **Контакт-семинари** - Немате партнер институција од странство, но сакате да развиете европска соработка. Контакт семинарите се настани организирани од различни европски Национални агенции кои ги доведуваат на едно место, во исто време заинтересираните институции од различни земји кои учествуваат во Грундвиг. Работилниците овозможуваат дискусија на избраната тема, запознавање со колегите и потенцијалните партнери од Европа и развивање нови проектни идеи. Секој настан е фокусиран на специфична тема во врска со образованието за возрасни.

Листа на одобрени Контакт-семинари за 2010 година ќе биде објавена на интернет страната на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Ве молиме, контактирајте нè за повеќе информации.

[1] Повеќе инфо: www.na.org.mk

## КАДЕ МОЖЕ ДА СЕ ОДИ?

Само земјите кои се учесници во програмата „Доживотно учење" се одредени како места каде што може да се организира Подготвителна посета.  Во 2010 Тоа се:

• 27 земји-членки на ЕУ[2] ;

• Земји во European Free Trade Association (EFTA-EEA)[3] ;

• Турција;

За реализација на акцијата Подготвителни посети е потребно барем еден од партнерите да потекнува од земја-членка на ЕУ. На пример, билатерални Подготвителни посети не се возможни помеѓу учесници од Република Македонија и Република Турција или Норвешка.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РОКОВИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Подготвителната посета се реализира во период од 1 до најмногу 5 работни дена (вклучувајќи го времето за патување). Посетата може да вклучи престој во највеќе две земји во текот на едно патување.

**Рокот за аплицирање е отворен во текот на целата година, но не подоцна од 17 декември 2010 година. Апликациите треба да се поднесат минимум 6 недели пред соодветниот настан.**

## КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА ЗА ПОДГОТВИТЕЛНА ПОСЕТА?

Секоја институција која е делува во областа на образование и обука за возрасни, и е регистрирана како правно лице во една од државите-учеснички во програмата Доживотно учење може да аплицира за грант за Подготвителни посети.

## ФИНАНСИРАЊЕ

Финансиската поддршка може да опфати:

•Трошоци за дневен надомест (т.н. subsistence costs);

•Патни трошоци;

•Останати трошоци – котизација/пакет трошоци за учество.

[2] Австрија, Белгија, Бугарија, Кипар, Чешка, Данска, Естонија, Финска, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Латвија, Литванија, Луксембург, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Словачка, Словенија, Шпанија, Шведска и Велика Британија.

[3] Исланд, Лихтенштајн, Норвешка

**Трошоци за дневен надомест** (т.н. subsistence costs) опфаќаат трошоци за: храна, сместување, локален превоз, факс, комуникации, осигурување...). Надоместокот за трошоци за дневен надомест се дефинира според бројот на денови на престој во земјата во која патувате. Табелата со трошоци за дневен надомест по земји е дадена во рамките на Повикот за предлог проекти за програмата „Доживотно учење".

**Патните трошоци** опфаќаат трошоци настанати како резултат на патување од Република Македонија до местото на одржување на соодветниот настан и назад, вклучително и трошоци за издавање виза. Корисниците се должни да користат најекономични форми на транспорт, во најчест случај јавен транспорт.

**Останати трошоци -** котизација/пакет трошоци за учество. Организаторот на контакт семинарот предвидува еден вкупен износ на трошоци во кој се опфатени трошоците за сместување, оброци, котизација, културни посети и сл.

Просечен грант за акцијата Подготвителни посети изнесува 1000 евра.

## КАКО СЕ АПЛИЦИРА?

1. Пронајдете го Вашиот партнер кој сакате да го посетите. Договорете го местото и времето на средбата. Креирајте работна верзија на агендата.  Доколку сте одбрале контакт-семинар контактирајте со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност да проверите дали се резервирани места на настанот за учесници од Република Македонија
2. Пополнете го целосно, јасно и точно соодветниот формулар за предлог-проект
3. Приложете доказ за правен статус на институцијата од која аплицирате
4. Подгответе Ваше ЦВ во европски формат
5. Апликациите се поднесуваат исклучиво по пошта на следнава адреса:

**НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ**

**"ПОРТА БУЊАКОВЕЦ" А2-1**
**1000, СКОПЈЕ**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СО НАЗНАКА: „ЗА ГРУНДВИГ ПОДГОТВИТЕЛНИ ПОСЕТИ"**

ВНИМАВАЈТЕ!!!

Пријавата треба да се поднесе во рамките на предвидениот рок за соодветната акција. Во предвид ќе бидат земени пријави кои имаат поштенски жиг најмногу до последниот ден од рокот за пријавување. Апликантите се покануваат своите пријави да ги поднесуваат пред наведените крајни рокови.

## ГРУНДВИГ ПАРТНЕРСТВА ЗА УЧЕЊЕ

Партнерствата за учење се практична рамка за соработка на институциите во образованието за возрасни во најширока смисла.

Својот акцент го ставаат на европската соработка и имаат цел проширување на учеството на помалите организации кои сакаат да ја вклучат ЕУ димензијата во своето работење. Размената на искуства, практики и методи придонесува кон поголема свесност за различните ЕУ културни, социјални и економски вредности и подобро разбирање на заедничките полиња на интерес во образованието за возрасни.

Институциите учеснички развиваат соработка со социјалните партнери на локално и национално ниво, ги поврзуваат своите иницијативи со локалната заедница, како основа за промоција и дисеминација на идеите и резултатите. Сите институции во образованието за возрасни можат да учествуваат во оваа активност. Одобрените проекти траат 2 години. Успешните апликации поднесени во рамките на крајниот рок 19.02.2010 година, ќе започнат со реализација во август 2010 година.

ВАЖНО!!!
Институции од Република Македонија во Партнерствата за учење можат да учествуваат само како ПАРТНЕРИ. Институции од Република Македонија неможат да бидат координатори на Партнерствата за учење во 2010 година.

## ШТО СЕ ГРУНДВИГ ПАРТНЕРСТВАТА ЗА УЧЕЊЕ?

**Грундвиг Партнерствата за учење** се мали проекти кои овозможуваат соработка помеѓу институции во областа на образованието за возрасни, кои се посветуваат во работата на прашања од заеднички интерес. Тие се концентрираат на процесот на учење, соработката, размена на знаење, информации, искуства, вработени и ученици низ Европа.
Активностите се состојат од активности на локално ниво во институцијата апликант и мобилности за посета на партнерските институции во странство. Активностите можат да разновидни и вклучуваат:

- Средби и семинари на партнерите
- Размена на вработените и возрасните вклучени во проектот
- Размена на добри пракси, искуства, знаење и особено, употреба на средства за информирање и комуникација (веб-страни, електронска пошта, видео конференции)
- Подготовка на технички објекти, цртежи и уметнички дела
- Работа на терен, истражувања поврзани со проектот
- Подготовка на перформанси (претстави, мјузикли итн)
- Јазични подготовки
- Соработка со други слични проекти и размена на искуства со други институции во регионот, вклучително и мобилност на соодветни настани
- Веб страна/активности со ИКТ
- Организација на изложби, продукција, и дисеминација на информативен материјали документација за соработката
- Дисеминација на проектните активности и резултати.

За идеја и инспирација погледнете го Компендиумот на европските проекти кои до сега биле финансирани, на: http://ec.europa.eu/education/llp/doc848_en.htm

Секоја институција во Партнерството аплицира за фондови во својата Национална агенција. Нивоата на финансирање се различни во сите земји. Грантот се доделува во форма на паушална сума, што претставува нов и едноставен метод со помалку административни оптеретувања на вклучените институции.

**Паушалната сума** е придонес кон сите квалификувани трошоци за локалните активности како и за мобилностите. Сумата се поврзува со бројот на мобилности кои институцијата се согласува да ги преземе. Не е потребно поднесување на детален буџет во процесот на аплицирањето, ниту во текот на животниот циклус на Партнерството. Институцијата самостојно одлучува како е најдобро да се потрошат средстствата со цел да се остварат целите на Партнерството и да се реализираат мобилностите. Детали околу настанатите трошоци не се поднесуваат ниту во завршниот извештај. Институциите мора да докажат само дека мобилностите се случиле и дека се остварени целите на Партнерството, како и да приложат детали за лицата вклучени во мобилностите. Не постои обврска партнерите во рамките на истото Партнерство да побарат ист број на мобилности.

Секој партнер треба да го дефинира своето барање врз основа на сопствена проценка според големината и капацитетот на својата институција.

Постојат четири видови Партнерства за учење според бројот на мобилностите, со соодветен буџет. Институциите од Република Македонија можат да аплицираат за

Партнерства за учење со:

| Вид на Партнерство | Број на мобилности | Максимален буџет |
|---|---|---|
| Мало | 4 | 9,000 € |
| Средно | 8 | 14,000 € |
| Просечно | 12 | 17,000 € |
| Големо | 24* | 18,750 € |

*се поттикнува учество на возрасни ученици во сите видови партнерства. Во случај на големо Грундвиг Партнерство од 24 мобилности, најмалку 16 возрасни ученици треба да бидат вклучени во мобилностите.

**Приоритети** за оваа акција во 2008-2010 година на европско ниво:
•8 базични компетенции
•надминување на социо-економските бариери
•поддршка на интеграцијата на мигранти
•поттикнување на поголемо учество на повозрасни лица
•поттикнување на креативноста.

## КАКО ДО СООДВЕТНИ ПАРТНЕРИ?

Да се најдат соодветни партнери е клучот за успешно Партнерство. Изборот на партнер/и за идни активности е Ваша одлука. Вообичаено, тоа е институција од други земји со кои до сега имате остварено соработка во реализацијата на активностите.
Во Грундвиг Партнерствата за учење, институциите од Република Македонија можат да бидат партнер во партнерството. Препорака е, во процесот на аплицирање да се изберат колку што е можно повеќе партнери, што обезбедува дека, доколку некои од партнерите не добијат фондови, Партнерството за учење ќе се одржи.

Партнерските институции можат да потекнуваат од земјите учеснички во програмата Доживотно учење, и тоа: членки на ЕУ, членки на ЕФТА, Турција, Хрватска и Република Македонија.

Постојат неколку начини за наоѓање партнери:

• Бази за барање партнери - се регистрирате и барате партнери во земјите учеснички:
http://llp.teamwork.fr/partner_search/
http://infodays.intbase.com
www.leonardo.org.uk/partnersearch
http://partbase.programkontoret.se/
• Учество во акцијата Подготвителни посети
*Посета на партнер
*Учество на контакт семинар (Видете оддел погоре: За акцијата Подготвителни посети)

**ПРОЦЕДУРА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**
Пред аплицирањето:
•Договорете партнерство со институции од земји учеснички во програмата Доживотно учење
•Соработувајте со координаторот околу пополнување на апликацијата
•Откако ќе Ви биде доставена електронската верзија на апликацијата, испечатете ја и заверете ја со печат и со потпис од овластено лице
•Приложете доказ за правен статус на институцијата од која аплицирате.

Формуларите за пријавување и дополнителните документи треба да се доставаат на следнава адреса:

**Национална агенција за европски образовни програми и мобилност**

**"Порта Буњаковец" А2-1**
**1000, Скопје**
**Република Македонија**

**Со назнака: „За Грундвиг Подготвителни посети"**

ВНИМАНИЕ!!!
Документите се испраќаат исклучиво по пошта. Поштенскиот жиг на пликот треба да означува датум пред 19.02.2010 година.



## КРАЈНИ РОКОВИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ЗА СИТЕ АКЦИИ БО ГРУНДВИГ ВО 2010 ГОД

| Акција | Рок за пријавување | Рок на завршување |
|---|---|---|
| Обука на работно место | 15. јануари 2010 (курсеви кои започнуваат од 01 мај 2010 година) | Сите активности треба да завршат најдоцна до 30 април 2011 година |
| | 30. април 2010 (курсеви кои започнуваат од 01 септември 2010 година) | |
| | 15 септември 2010 (курсеви кои започнуваат од 01 јануари 2011 година) | |
| Посети и размени | Отворен во текот на целата година, најдоцна до 17 декември 2010 година. Апликациите треба да се поднесат минимум 6 недели пред соодветниот настан | |
| Подготвителни посети | Отворен во текот на целата година, најдоцна до 17 декември 2010 година. Апликациите треба да се поднесат минимум 6 недели пред соодветниот настан | Сите активности треба да завршат најдоцна до 30 април 2011 година |
| Партнерства за учење | 19.02.2010 | Август 2012 |

## УЛОГАТА НА НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е овластена за децентрализирано спроведување на програмата "Доживотно учење" во Република Македонија. Покрај промоција, поконкретно, нашата улога е:

- Објавување отворени повици за предлог-проекти;
- Информирање и промоција на акциите;
- Советување на потенцијалните апликанти, поддршка во процесите на аплицирање, наоѓање соодветни партнери;
- Прием, проценка и селекција на апликациите за грантови;
- Издавање договори за грант;
- Мониторинг и поддршка на корисниците;
- Контрола и ревизија на поддржаните активности;
- Дисеминација и примена на резултатите од спроведените активности;
- Анализа и повратна информација за спроведувањето и влијанието на Програмата.

Во втората година од спроведување на потпрограмата "Грундвиг", нашите приоритети и понатаму се давање стручна поддршка и советување на корисниците.

# КОРИСНИ ЛИНКОВИ

Генерален Директорат за образование и култура:
http://ec.europa.eu/dgs/education_culture/index_en.html

Извршна агенција за образование, аудиовизуелни работи и култура:
http://eacea.ec.europa.eu/index.htm

Програма "Доживотно учење":
http://ec.europa.eu/education/programmes/llp/index_en.html

Потпрограма "Грундвиг":
http://ec.europa.eu/education/programmes/socrates/grundtvig/info_en.html

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност www.na.org.mk

Водич за програмата "Доживотно учење" www.na.org.mk

База на податоци за активноста Обука на работно место
https://webgate.ec.europa.eu/llp/istcoursedatabase

Формулари за предлог-проекти www.na.org.mk

База на податоци за пронаоѓање партнери
http://partbase.eupro.se/,
http://infodays.intbase.com,
www.leonardo.org.uk/partnersearch.

Портал на Европската комисија кој обезбедува информации за образовните системи
http://ec.europa.eu/ploteus

# ГРУНДВИГ ВО 2009 ГОДИНА – РЕФЛЕКСИИ

Јас како претседател на Здружението имав можност од 30 септември до 3ти октомври 2009 година, да го посетам Фествалот на 3то доба во Словенија. Овој Фестивал традиционално се одржува секоја година, по повод Светскиот ден на старите лица 1-ви октомври. Домаќини ми беа претседателот ба Универзитетот 3то доба во Љубљана, г-ѓа Алиана Шантеј. Оваа манифестација, по својата сеопфатност, масовност и активно учество на сите државни органи и јавни институции, невладините организации и приватниот сектор, јасно го докажува односот на сите субјекти во Словенија кон лицата од трето доба, степенот на нивната самоорганизираност и воспоставената меѓусебна соработка. Моето одушевување и силни впечатоци од односот на државата кон лицата од трето доба во Словенија, силно нагласената и вистински реализирана меѓугенерациска соработка, како и масовното волонтерство на лицата во трето доба, ме мотивира да упатам предлог до Сојузот на пензионерите на Макледонија, да биде основан Иницијативен одбор за организирање на Фестивал на трето доба во Република Македонија. Воспоставените контакти со колегите од Словенија и нивната согласност да не вклучат во мрежата на Универзитети на 3то доба од повеќе европски земји со кои тие соработуваат и во 2010 да реализираме заеднички проекти како партнери, за нас значи нов поттик и предизвик за уште поамбициозни планови за нашата работа.

Томислав Димишковски
3Г Универзитет трето доба, Скопје

Контакт семинарот во Будимпешта за мене е најдобро работно искуство досега. Ме радува фактот што таму запознав прекрасни луѓе кои освен професинално како деловни соработници, ги доживувам од првиот ден и како свои пријатели. На взаемно задоволство, комуникацијата со нив продолжи и после одржување на семинарот што ни дава можност за соработка на заедничките идеи. Од првичните разговори кои ги водев со претставниците на поголемиот дел од земијите учеснички, дојдов до заклучок дека ние сме со проблемите многу поблиску до ЕУ отколку што јас можев и да претпоставам. Од предложените теми за работа, можев да видам можност за работа во образование за возрасни, за секоја област за која добивав предлози за партнерства од страна на поискусните учесници на семинарот.

Павлина Пецановска Штерјовски
Соработник, КДС Центар за обука и развој на кадри Скопје

**Моето незаборавно патување во Талин!!!**

Сознанието дека треба да појдам во Талин, придонесе во мене да се вгнезди единствено чувството на страв и помисла како ќе го преживеам мојот прв авионски лет со мојата фобија од висина. Мојата опседнатост со авионскиот лет не ми дозволи да создадам било каква слика за градот Талин. Овој пат знаев дека само поаѓам во земја со помалку број на жители од Македонија и со излез на Балтичко море. Тоа е причината што бев презадоволна со самото стапнување на тлото на Талин. Имаше толку многу што да се види, совршен спој на старото и на современото. Од една страна стари градби од кои се гледаа знаменцата на европските претставништва и конзулати. Од друга страна ексклузивни трговски центри и луксузни хотели. Фасцинирана бев и од самата чистота на градот. Не видов ниту еден отпадок ниту пак контејнер. До ден денес се чудам како е можно тоа. Сега сфатив дека и со непостоење на ниту еден контејнер улиците, парковите, тротоарите можат да бидат беспрекорно чисти.

Доколку вие се прашувате кој град? Со полно срце, би ви одговорила: Талин!!!
Благодарност до Националната Агенција од мое име и од името на мојата организација НВО Хуманост, која ја претставував на контакт семинарот во Талин, заедно со 62 организации од 23 земји, кој беше преуспешен за нас, со склучени интернационални партнерства.

Ивана Стојановска
Здружение за унапредување на условите за грижа
и сместување на стари и изнемогнати лица „Хуманост" Скопје

CREATIVITY CONFIDENCE PRACTICE
TRAVELING FRIENDSHIP ACTIVITY
MOBILTY SKILLS CULTURE QUALITY
EXPIRIENCE EXCHANGE PERSPECTIVE

Порта Буњаковец, А2-1
МК-1000 Скопје, Република Македонија
Т. +389 23 109 045 Ф. +389 23 109 043
www.na.org.mk

Education and Culture DG

This publication has been funded with support of the European Commission. This publication reflects the views only of the author, and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.